**2010035611**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПУШЕЊЕТО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 март 2010 година.

Бр. 07-1210/1
12 март 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПУШЕЊЕТО

Член 1

Во Законот за заштита од пушењето („Службен весник на Република Македонија“ број 36/95, 70/2003, 37/2005, 103/2008 и 140/2008), во членот 2 став 1 алинејата 3 се менува и гласи:

„- затворени и отворени простории во кои се одржуваат спортски натпревари,“.

По алинејата 3 се додаваат две нови алинеи 4 и 5, кои гласат:

„- затворени простории во кои се одржуваат културни и забавни манифестации, собири и други јавни приредби,

- простор надвор од деловниот објект, наменет, уреден и опремен за давање на угостителски услуги, кој содржи дополнителна опрема (покриви, ѕидови, стакло, фолии, пластифицирани или најлонски прегради и слично) со која просторот се затвора од сите страни со што станува простор од затворен карактер,“.

Алинеите 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 стануваат алинеи 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12.

Член 2

Во членот 3 ставот 1 се менува и гласи:

„Се забранува пушењето во јавните простории од членот 2 на овој закон. Пушењето е дозволено исклучиво надвор од деловниот објект (тераса, летна бавча и слично), исклучиво доколку просторот е покриен и отворен најмалку од три страни на кои нема никакви прегради (стакло, фолии, пластифицирани или најлонски прегради и слично) или на отворен простор кој не е покриен со тенди, чадори и слично, а кој странично е заграден (дискоклубови на отворен простор, тераси, летни бавчи и слично).“

Член 3

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за заштита од пушењето.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.